20262764968

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 22 став (3) од Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 88/08, 35/11, 139/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 151/21 и 12/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 ноември 2026 година, донесе

ОДЛУКА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДРЖАВНА ГАРАНЦИЈА НА ОБВРСКИТЕ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ, СКОПЈЕ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ДОГОВОРОТ ЗА СИНДИЦИРАН КРЕДИТ ОД СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ, КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ И ХАЛК БАНКА АД СКОПЈЕ

1. Со оваа одлука Владата на Република Северна Македонија во име на Република Северна Македонија издава државна гаранција со која го гарантира навременото и целосно исполнување на обврските на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје кон Стопанска банка АД Скопје, Комерцијална банка АД Скопје и Халк банка АД Скопје по основ на главен долг и камата по основ на одобрениот кредит кои произлегуваат од Договорот за синдициран кредит наменет за финансиска поддршка за тековното работење на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје во износ од 3.706.000.000 (три милијарди седум стотини и шест милиони) денари, со рок на отплата до десет години од денот на склучувањето на Договорот за синдициран кредит со вклучени две години грејс период и договорна камата по каматна стапка во висина на референтната стапка која е последно објавена на денот на склучувањето на овој договор, зголемена за каматна маржа од 2,10 процентни поени, годишно, декурзивно, но не помалку од 4,7% годишно, доколку Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот.

2. Се овластува министерот за финансии да склучи договор за издавање на државна гаранција со Стопанска банка АД Скопје, Комерцијална банка АД Скопје и Халк банка АД Скопје и договор за обезбедување на државната гаранција со Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, со кои ќе се регулираат правата и обврските кои произлегуваат од издадената државна гаранција.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-9175/5
24 ноември 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.